Бр./Nr 12-2414/2
30-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 37-мата седница одржана на 29.07.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-2414/1 од 13.07.2026 година, со наводи за незаконско постапување на службени лица вработени во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија (ФПИОРСМ) во постапка за исплата на посмртна помош за надомест на трошоци за погреб, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на директорот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-2414/1 од 13.07.2026 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 13.07.2026 година, поднесена е пријава со наводи за незаконско постапување на службени лица вработени во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија (ФПИОРСМ) во постапка за исплата на посмртна помош за надомест на трошоци за погреб и оформен е предмет број 12-2414/1 од 13.07.2026 година.

Во пријавата подносителот /// од ///, сестра на починатиот /// од ///, изразува сомневање дека службени лица вработени во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија овозможиле незаконски надомест на погребни трошоци на /// - лице кое наводно немало законски статус во однос на починатото лице и не била ополномоштена од страна на /// - единствен член на семејството на починатиот, без да приложи Извод од матичната книга на умрените. Подносителот на пријавата потенцира дека како единствен член на семејството на починатиот е единствено лице кое го поседувало Изводот од матичната книга на умрените и дека нема дадено согласност овој документ да биде користен од страна на друго лице. Воедно, потенцира дека има сознанија дека лицето кое побарало надомест на погребните трошоци и кое наводно незаконски има во свое владение лични документи и предмети на починатиот, има лично познанство со службено лице од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија. Оттаму, подносителот на пријавата се сомнева дека службени лица вработени во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија, овозможувајќи исплата на надомест на погребни трошоци на неовластено лице, овозможиле незаконско стекнување на корист за ова лице како подносител на барањето за надомест на трошоците.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган.

Имајќи ја предвид одредбата од член 161 став 1 точка 5 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување според која директорот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во рамките на своите права и должности утврдени со овој закон ги избира и разрешува работниците со посебни овластувања и одговорности, организира и обезбедува законито и ефикасно извршување на работите од делокругот на Фондот и е одговорен за законитоста во работата на Фондот, ДКСК оцени дека предметот ќе го достави на надлежно постапување на директорот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија,

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

заради преземање на соодветни дејствија во насока на утврдување на фактичката состојба и преземање на соодветни мерки во случај на утврдени неправилности.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN TË KORRUPSIONIT Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

Изготвил: А.Р.М., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: А.Ч., претседател на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата